Оглас за ангажирање на консултант

За спроведување на работилница за теорија, стратегија и практики на брендирање на планинскиот чај во Преспа

Здружението РУРАЛНИ ЖЕНИ ОД ПРЕСПА – Ресен е доброволно, непартиско, невладино, непрофитно здружение кое ја обединува работата на група граѓани од преспанскиот регион,кои работат на промовирање на руралниот развој,традиционалните вредности,алтернативни форми на туризам,заштита на животна средина и природа.

Здружението има за цел да ги штити економските, социјалните и културните интереси на своите членови.Работата на здружението е насочена кон:

• Заштита на природните ресури во преспанскиот регион;

• Зачувување културните и традиционалните вредности;

• Едукација на локалното население за промовирање на одржлив развој;

• Поттикнување на иницијативи и кампањи за подобрување на животните услови во руалните средини;

• Промовирање на иновативни мерки кои се во склад со одржливиот развој;

• Спроведувања на истражувања, проекти и активности и споделување на знаења за одржлив развој ;

Во склоп на редовните активности на здружението, предвидено е ангажирање на консултант кој ќе биде вклучен во изведување на проектни активности, односно спроведување на работилница за теорија, стратегија и практики на брендирање на планинскиот чај во Преспа.

Пред работилницата, консултантот треба да преземе кратко интервју/анкета со претставници на RWoP, со цел да ги прикаже нивните капацитети и компетенции и да ја дизајнира содржината на работилницата.

Главни задачи / одговорности на консултантот се:

• Анкета меѓу членовите на здружението за нивните потреби и проценки во врска со темите што треба да ги опфати работилницата;

• Имплементација на работилница за теорија, стратегија и практики на брендирање на планинскиот чај во Преспа;

Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

• Познавање на Англиски јазик

• Солидни компјутерски вештини

• Познавање на соодветна методологија за спроведување на анкета/интервју

• Предходно искуство во управување со невладини организации и задруги.
Членството во овој тип на организации ќе се смета за предност.

• Диплома за завршено високо образование; Магистратура ќе се смета за предност.

• Пожелно е кандидатот да биде од регионов.

Финансиски средства

Финансиските аранжмани ќе бидат наведени во договорот. Здружението ,,Рурални Жени од Преспа'' ќе исплати на консултантот бруто надомест од 200 €, на неговата лична сметка. Вкупниот број работни денови за консултантот е 2 (два) дена, што ја вклучува подготовката на испораки (спроведена работилница, анкета или интервју за членовите на здружението).

Потребни документи и рок за доставување

Заинтересираните кандидати потребно е да испратат свое CV (професионална биографија) и мотивационо писмо на следнава e-mail адреса: ruralnizeni.contact@gmail.com

Огласот е активен до 1-ви Март. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани.